Врз основа на член 21 од Правилникот за регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.116/19, 161/20 и 159/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија го објавува следното

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека **Друштвото за снабдување со пареа и топла вода СКОПЈЕ СЕВЕР АД - Скопје**, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на 18.11.2022 година поднесе Барање за зголемување на одобрениот регулиран максимален приход,заверено во архива под УП1 бр.08–495/22.

Со поднесеното Барање, **Друштвото за снабдување со пареа и топла вода СКОПЈЕ СЕВЕР АД - Скопје**, бара зголемување на регулираниот максимален приход за 2022 година врз основа на зголемената цена на природниот гас за месеците октомври и ноември 2022 година, како и непризнаен дел од оперативните трошоци, определени со Одлуката УП1 бр.11-163/22 од 29 јули 2022 година.

Мислењата и предлозите во врска со доставеното Барање, заинтересираните правни и физички лица може да ги достават најдоцна до 25.11.2022 година, до 12.00 часот во Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, преку:

- Е-пошта: erc@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586
- Адреса: ул.Македонија, бр.25, палата Лазар Поп Трајков 6-ти кат, 1000 Скопје

Скопје, 22.11.2022 година
УП1 бр. 08 – 495/22

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**